**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ РИМСКО ПРАВО НА ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП**

Со Одлуката бр. 1102-201/44 од 6.7.2015 година, донесена на 121. седница на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, одржана на 6.7.2015 година, определени сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област *римско право* на Правниот факултет при УГД – Штип, во следниов персонален состав:

– проф. д-р Мирјана Поленак-Аќимовска (претседател) – редовен професор во пензија, наставно-научна област римско право;
– проф. д-р Гоце Наумовски (член) – вонреден професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, наставно-научна област римско право;
– проф. д-р Војо Беловски (член) – вонреден професор на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, наставно-научна област трудово право.

Конкурсот за овој избор беше објавен согласно со законот и во склад со Одлуката за распишување Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научната област римско право бр. 1102-173/16, донесена на 119. седница на ННС од 2.6.2015 година и тоа во три дневни весници: „Нова Македонија“ бр. 23498, „Утрински весник“ бр. 4814 и „Коха“ бр. 2523 од 22.6.2015 година, во делот 3.1. Во предвидениот рок на него навремено се пријави само д-р Димитар Апасиев – актуелен асистент-докторанд во редовен работен однос на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, како единствен кандидат за вработување т.е. за избор во звање.

Врз основа на уредно приложената, целосна и комплетна документација од кандидатот, доставените материјали и преземените активности согласно со Законот за високо образование („Сл. весник на РМ“ 35/2008 и др.), чест ни е на Наставно-научниот совет на Правниот факултет при УГД – Штип, во дадениот рок, да му го поднесеме следниов:

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

Кандидатот **ас. док. д-р Димитар Апасиев** е роден на 22 септември 1983 година во Велес, каде што завршува основно и средно гимназиско образование (*општа насока*) – со континуиран одличен успех 5.00, во сите учебни години, од прво одделение па сѐ до матурирањето. Во 2009 завршува прв циклус на редовни четиригодишни додипломски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, отсек Правни студии (уставно-правна група) и се стекнува со стручен назив дипломиран правник. Во 2010 завршува втор циклус на постдипломски (мастер) студии на Институтот за правно-историски науки на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје, насока *Римско право и приватно-правна традиција* (Модул А: Римско право) и успешно ја одбранува магистерската теза со наслов „Јавно-правни институти на римското право реципирани во денешните правни системи“ под менторство на проф. д-р Владо Бучковски – по што се стекнува со називот магистер по право (Master of Laws, LL.M.). Во 2015 година завршува трет циклус докторски студии на Правниот факултет „Јустинијан Први“, УКИМ - Скопје (Институт за правно-историски науки – Потпрограма: *Римско право*) и, како докторски кандидат под менторство на проф. д-р Биљана Поповска, успешно ја одбранува својата докторска дисертација под наслов „Iudicia Publica – Римското

кривично-процесно право", по што се стекнува со научниот степен *доктор на правни науки* од областа на римското право [PhD].

Тој е единствениот студент во историјата на Правниот факултет во Скопје со постигнат континуиран просечен успех на прв, втор и трет циклус на студии - 10.00! Носител е на **наградите**: *Златен Цицерон*, како двократен апсолутен победник на Ораторските вечери „Иво Пухан"; Златен Јустинијан / *Плакета Јустиција* за најдобар постигнат успех на правни студии – како првенец на повеќе генерации; како и јубилејната Деветоноемвриска *Награда проф. д-р Ѓорѓи Шоптрајанов* за најдобар студент на Општина Велес. Бил на **студиски престој** на најдобриот руски Државен универзитет „Ломоносов" (Москва). Бил **стипендист** на European Public Law Center - Kikones (една година); потоа на Фондацијата „Коле Неделковски" (две години); како и на Министерството за образование и наука на Република Македонија (четири години).

***Законски и правилнички услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звањето доцент (по чл. 125 од ЗВО и чл. 11 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни и наставни звања на УГД)***

1. **Диплома** за стекнат научен степен *доктор на науки* од научната област во која се избира: кандидатот Апасиев е доктор по римско право од јануари 2015 година, со издадена и свечено доделена диплома во април 2015 година – за стекнат научен степен доктор на правни науки од областа на римското право.
2. Остварен **просечен успех** од најмалку *8 (осум)* на студиите од прв и втор циклус студии, за секој циклус посебно: кандидатот Апасиев има просек од чиста десетка во сите три циклуси на студии (10.00 во додипломски, 10.00 во постдипломски и 10.00 во докторски студии т.е. во прв, втор и трет циклус соодветно).
3. Рецензирана **скрипта** во електронска верзија по предметот за кој се избира од соодветната научна област – објавена во *Е-библиотека*: Апасиев има објавено скрипта по Римско право достапна за бесплатно преземање на следниов линк: https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=442& ugd=690f5e827d612dfcf8309979b240981a.
4. **Практикум** со вежби по истиот предмет за кој е рецензираната скрипта – објавен на Е-библиотека: Апасиев има објавено и практикум по Римско право и достапен на следниов линк: https://e-lib.ugd.edu.mk/detal.php?id=441&ugd=f1598a00cc5b66e24c5263b5bdd7541a.
5. Најмалку *5 (пет) години* **работно искуство** по стекнувањето на научен степен магистер од соодветната област (за кандидатот кој не бил биран во соработник): Апасиев магистрира во јуни 2010 година.
6. Две **препораки** од *професори* (редовен/вонреден) во соодветната научна област.
7. **Мислење** од последниот *работодавец*.
8. **Извештај** од спроведено *интервју* – извршено од Комисија формирана од ННС на единицата на Универзитетот.
9. **Постигнувања** во примената на истражувачките резултати и **способност** за изведување на одделни видови високообразовна дејност – со позитивна оценка од *самоевалуација*.
10. Има остварено **минимум 75 поени** кои се однесуваат на целокупната актива на лицето и тоа најмалку *НО* = 30; *НИ* = 38 и *САОР* = 7 поени: кандидатот Апасиев има вкупна актива од 290 поени [НО=30 + НИ=145,5 + САОР=114,5].
11. Има објавено најмалку четири **научноистражувачки трудови** во соодветната област во *меѓународни научни списанија* или меѓународни научни публикации или, пак, два научни трудови во научно списание со импакт фактор – во последните пет години: кандидатот Апасиев досега има објавено девет научни трудови во меѓународни публикации – и тоа:

| | Автор/и | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување | Досегашни изданија | Број на земји на членовите на уредувачкиот одбор |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Димитар Апасиев | За ‘нумерологијата’ на неолибералистичкиот глобализам | Security Dialogues – International Peer Reviewed | 6 (од 2010) | 10 | 10 |
| 2 | Димитар Апасиев | Граѓанското здружување и неолиберализмот | Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први“ - во чест на 18 години од основањето на Политичките студии во Македонија, Том 47–48 (2011/12) | 64 (од 1951) | 52 | 5 |
| 3 | Dimitar Apasiev | Sindikalizam u Republici Makedoniji – činjenični i pravni položaj (1991-2013) | Novi Plamen – međunarodni časopis za politička, društvena i kulturna pitanja | 9 (од 2007) | 20 | 11 |
| 4 | Apasiev Dimitar | The Roman Military Law | Contemporary Macedonian Defence | 17 (од 1999) | 27 | 6 |
| 5 | Dimitar Apasiev | Imperium Militiae | Iustinianus Primus Law Review | 6 (од 2010) | 10 | 8 |
| 6 | Димитар Апасиев и Марија Амповска | Еволуција на ноксалната одговорност од римското право во одговорност за друг во современото македонско право | Зборник од Меѓународната научна конференција „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во РМ“ | 3 (од 2013) | 2 | 7 |
| 7 | Apasiev Dimitar & Koshev-aliska Olga | Ius Militare – Military Courts in the Roman Law (I) | International Journal of Sciences: Basic and Applied Research | 7 (од 2009) | 35 | 28 |
| 8 | Димитар Апасиев | Медиумите и човековите права – политички и правни аспекти (Работничките права на македонските новинари) | Материалы Международной научной конференции “Человек в глобальном мире” | 1 (од 2015) | 1 | 7 |
| 9 | Apasiev Dimitar & Stojanov Trajce | Stoicism and its Influence on the Roman Law | IJSBAR – International Journal of Sciences | 7 (од 2009) | 35 | 28 |

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност (НО + НИ)***

Кандидатот д-р Д. Апасиев пет учебни години по ред (2005-2010) бил **демонстратор** на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при УКИМ – Скопје по предметите Римско право (прв циклус студии) и Реторика (втор циклус студии).

Три академски години бил **помлад асистент** на Правниот факултет при УГД во Штип (2011-2014), држејќи настава т.е. вежби по следниве матични предмети: *Римско право* (прва година, II семестар); *Историја на правото* (прва година, I семестар); *Философија на правото* (трета година, VI семестар); како и по *Уставно право* (прва година, I семестар); *Правосуден систем* (прва година, I семестар); *Локална самоуправа* (втора година, IV семестар); *Семејно право* (втора година, IV семестар) и *Облигационо право* (втора година, IV семестар).

Потоа, една академска година бил **асистент-докторанд** на Правниот факултет во Штип (2014-2015), држејќи настава т.е. вежби по предметите: *Римско право* (прва година, II семестар); *Историја на правото* (прва година, I семестар); *Философија на правото* (трета година, VI семестар); *Уставно право* (прва година, I семестар); *Правосуден систем* (прва година, I семестар); *Локална самоуправа* (втора година, IV семестар); *Граѓанско процесно право* (трета година, VI семестар) и *Граѓанско право – Применета програма* (четврта година, VIII семестар).

***Објавени научни и стручни трудови во последните пет години***

(кратка научна евалуација на секој труд поединечно, со посебен осврт на научните квалитети на истиот)

***Трудови/статии во домашни или меѓународни списанија, публикации, годишници и зборници:***

2015 = *Stoicism and its Influence on the Roman Law*; двојно рецензиран коавторски научен труд на англиски јазик (со доц. д-р Трајче Стојанов); објавен во индексираното меѓународно списание IJSBAR – International Journal of Sciences: Basic and Applied Research во издание на GSSRR – Global Society of Scientific Research and Researchers (Kingdom of Jordan); ISSN: 2307-4531, Volume 23, No. 1, pp. 88-92 [6 стр.]; 2.VI.2015; Identification number: 4050; Целосен линк за пристап: http://gssrr.org/index.php?journal=JournalOfBasicAndApplied&page=article&op=view&path%5B%5D=4050&path%5B%5D=2338 – достапен на Е-репозиториум: Авторите на трудот се согласуваат дека стоицизмот и ја даде теориската основа на римската претстава на *Природното право* (IVS NATVRALE), бидејќи етичките учења на стоиците можеа многу лесно да се прилагодат на практичните потреби на растечкото Римско Царство – кое, во својот зенит, се протегаше од границата на Шкотска па сè до Персискиот Залив. А токму идејата дека правата на Граѓанинот, како лице со status civitatis, се предегзистенцијална категорија vis-à-vis правото на Државата – бидејќи, според подоцнежните зборови на италијанскиот јурист Чезаре Бекарија, разумот вели дека државата постои за граѓаните, а не граѓаните за државата – доживува свое врвно отелотворување токму во ненадминливото римско право. Во својата „етика на должноста“ – која воопшто не е револуционерна, па дури е и патетично-демократска, а по која се дистанцираа од софистите – стоиците, наместо Nomos на Physis му го спротивставуваа Thesis-от т.е. „ставот / [прет]поставката“. А, пак, на аристотеловиот *zoon politikon* тие, преку една детерминистичко-фаталистичка варијанта, му ја спротивставија претставата за човекот како „битие на заедницата“ (*zoon koinonikon*).

2015 = *Медиумите и човековите права – политички и правни аспекти (Работничките права на македонските новинари)*; рецензиран труд објавен во Зборникот од Меѓународната научна конференција „Човекот во глобалниот свет“ [Материалы Международной научной конференции “Человек в глобальном мире” – Министерство образования и науки РФ, Федеральное Государственное Бюджетное Образовательное Учреждение Высшего Профессионального Образования «Воронежский Государственный Университет»]; во организација на Државниот Универзитет Вороњеж (Русија) и Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (Македонија), Вороњеж, Руска Федерација [7 стр.] – достапен на Е-репозиториум: Авторот на трудот вели дека насоките за надминување

на неповолната слика со работничките права на македонските новинари би требало да се движат кон што е можно поголема самоорганизација и саморегулација на новинарската фела, водејќи се првенствено од општествениот јавен интерес (*utilitas publica*); како и кон подобрување на правните механизми за заштита на вработените во медиумскиот сектор кој е столбот на секоја цивилизирана, демократска и правна држава. А за избегнување на клопчето од меѓусебно поврзани проблеми, авторот заклучува дека можеби би било добро да се размисли, покрај синдикалното организирање и граѓанското здружување, новинарите да ги насочат своите напори кон креирање на свои новинарски кооперации или „слободни колективи" и, искористувајќи ги поволностите што ги нуди македонскиот Закон за задругите (2002), да се обидат да промовираат сосема нов модел на т.н. антикорпоративно новинарство кое е многу потешко за контрола и манипулација, бидејќи на тој начин ќе има мрежа од повеќе независни истражувачко-новинарски „гнезда" или ќелии кои ќе се занимаваат со реалните проблеми на општеството и заштита на јавниот интерес, без никаква можност за уцени, притисоци и [авто]цензура.

2015 = *Ius Militare – Military Courts in the Roman Law (I)* – во коавторство со доц. д-р Олга Ѓуркова; двојно рецензиран научен труд на англиски јазик објавен во индексираното меѓународно списание IJSBAR – International Journal of Sciences: Basic and Applied Research во издание на GSSRR – Global Society of Scientific Research and Researchers (Kingdom of Jordan); ISSN: 2307-4531, Volume 21, No. 1, pp. 389-397 [9 стр.]; 15.IV.2015; Identification number: 4090; Линк за пристап: http://gssrr.org/index.php?journal=JournalOfBasicAndApplied&page=article&op=view&path[]=4090&path[]=2347 – достапен на Е-репозиториум: Воените судови во стариот Рим спаѓаа во т.н. нередовни коерции (*coercitio*), односно беа третирани како „судови во посебни околности" кои беа надвор од редовниот правосуден систем на Римјаните и вршеа кривично правораздавање исклучиво во воени услови. За сузбивање на воените деликти, како и за совладување на отпорот на војниците - кој на моменти беше и насилен - најпрво кралот (*rex*), а подоцна и највисоките нововостановени магистрати т.е. конзулите (*consules*), употребуваа најразлични принудни мерки. Ваквото нивно овластување за примена на физичка сила кон римските војници извираше од нивниот „воен империум" (*imperium militiae*). Како најважни кривично-судски органи во воени околности, кои беа задолжени за одржување на строгата римска воена дисциплина, се јавуваа дуксот и стројот; а нивни помошни органи беа заповедникот т.е. началникот на коњицата, воените легати, воените трибуни, центурионите и регентите. Во овој труд, поради ограничениот расположлив простор, авторите се задржуваат само на главните воени судови во Рим.

2015 = *Правото на штрајк и неговото остварување во практиката*; научен труд објавен во Стручното месечно списание „Правник" / Legal Journal 'PRAVNIK', Бр. 275 (Год. XXIV, март 2015); ISSN: 1409-5238; стр. 50–54; издавач: Здружение на правници на РМ / Macedonian Lawyers Association, www. mla.org.mk; Скопје; [12 стр.] – достапен на Е-репозиториум: Штрајкот претставува легитимно и легално право на работниците кое им стои на располагање за да го обезбедат почитувањето на своите права од страна на работодавачите или, пак, истите да ги зголемат. Во принцип тоа е ултимативно и вонправно средство, кое се разбира е правно гарантирано и уредено, со кое се решаваат т.н. колективните работни спорови кога поголем број работници се засегнати од одредена мерка на работодавачот. Во својата суштина барањата на штрајкот се главно економски и социјални, иако не е исклучена и неговата политичка димензија во еден поширок општествен контекст. Трудов има за цел да даде една историско-правна перспектива на досегашните и сегашните законски одредби за штрајк, примарно регулирани во законите за работни односи, како и да укаже на отежнителните околности кои со текот на годините се поставуваат како законски пречки при остварувањето на ова суштинско човеково право, а благодарение на кои организирањето на легитимен штрајк „согласно закон", во македонски прилики, станува ѓаволски тешка или речиси невозможна задача.

2014 = *Римските воени судови*; рецензиран труд УДК. 354.3 (37); Годишен зборник на Правниот факултет при државниот Универзитет „Гоце Делчев" – Штип 2013/2014, Yearbook 2013/14 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume IV, Год. 4, 2014; ISSN: 1857-8713; стр. 37–53 [16 стр.]; Линк: https://eprints.ugd.edu.mk/cgi/users/home?s

creen=EPrint%3A%3AView&eprintid=13050; – достапен на Е-репозиториум: Во трудов е даден осврт на раскрстувањето со монархистичкото уредување по прогонот на последниот римски крал од Етрурската династија и преминот кон републикански облик на политичко уредување, што претставуваше и конечно зацврстување на римската државност, па дури тогаш беше извршено и дефинитивното разделување на општествениот нормативен поредок на *fas*, *mos* и *ius* – односно разграничувањето помеѓу религијата, обичаите и правото; како и помеѓу световната и духовната власт од една, и цивилната и воената власт од друга страна. Впрочем, во римско време, тријалистичката поделба на државните органи согласно нивната функција во власта - на законодавни, извршни и судски - не постоеше! Имено, во периодот на Републиката (*Res publica Romana*), која траеше од почетокот на VI до втората половина на I век пр.н.е., сите државни органи – односно Сенатот, народните собранија и магистратите – помалку или повеќе учествуваа во вршењето на сите три функции на власта. Овој труд особено се занимава со воениот империум (*imperium militiae*) и правото на казнување (*ius coercendi*) коешто го поседуваа вишите римски магистрати, а кое се однесуваше на т.н. нередовни коерции, односно на римските Судови во посебни околности, кои судеа во вонредни или во воени прилики и чија разработка е предмет на овој труд.

2014 = *Еволуција на ноксалната одговорност од римското право во одговорност за друг во современото македонско право*; рецензиран коавторски труд (со ас. м-р Марија Амповска), јавно презентиран на Втората меѓународна научна конференција „Влијанието на научно-технолошкиот развиток во областа на правото, економијата, културата, образованието и безбедноста во Република Македонија“ и објавен во Зборник под УДК: 347.515(37:497.7); Универзитет Евро-Балкан – Институт за дигитална форензика, Дом на АРМ – Скопје [15 стр.]; – достапен на Е-репозиториум: Трудот дава историски развој на концептот за облигационо-правната „одговорност за друг“. Имено, во римското право улогата на таткото на семејната задруга (*pater familias*) и значењето на неговата власт (*patria potestas*) биле основата на која била изградена ноксалната одговорност, како одговорност на pater familias за штетата што лицата под негова власт – т.е. неговите деца или неговите робови – ќе им ја причинеле на трети лица. Во модерното семејство, пак, на местото на pater familias-от од римското право стојат обајцата рамноправни родитела, а на местото на patria potestas стои не власта, туку родителското право врз децата. Ваквиот однос родител–дете, во современото право, е основа на која правото го изгради институтот „одговорност за друг“ согласно кој родителите одговараат за штетата што на трети лица ќе им ја причинат нивните малолетни деца или, пак, полнолетните деца кои се неспособни за расудување.

2014 = *Imperium Militiae*; рецензиран научен труд на англиски јазик објавен во меѓународното on-line списание Iustinianus Primus Law Review, Vol. 5:1, No. 8, Winter 2014, pp. 1–16; ISSN: 1857-8683, UDK: 82+7; Целосен линк на: http://www.law-review.mk/pdf/08/Dimitar%20Apasiev.pdf [16 стр.] – достапен на Е-репозиториум: Во овој труд се зборува за милитарниот менталитет на Римјаните и за римскиот систем на командување со војската. Опфатена е и воената реформа на легијата којашто ја изврши познатиот генерал Сципион Африканецот. Научната вредност на трудот се состои во тоа што авторот, за прв пат во македонски прилики, ги доближува, барем дотогаш, правно неистражените фази на објавување на војната во античко време (*bellum iustum*), како и ингеренциите на тогашните војсководци (*dux*) на бојното поле.

2014 = *Противуставноста на одредбите за синдикална репрезентативност во Законот за работните односи*; научен труд објавен во стручното списание „Правник“ / Legal Journal ‘PRAVNIK’, Бр. 262 (Год. XXIII, фев. 2014); ISBN: 1409 5234; стр. 8–13; издавач: Здружение на правници на РМ / Macedonian Lawyers Association, www. mla.org.mk; Скопје; [12 стр.] – достапен на Е-репозиториум: Во трудот авторот детално ја елаборира противуставноста на македонскиот ЗРО во делот на синдикалната репрезентативност и спротивноста на овие одредби со низа ратификувани интернационални акти - конвенции и препораки - на Меѓународната организација на трудот (МОТ), на Организацијата на Обединетите Нации (ОН), на Советот на Европа (СЕ) и на Европската унија (ЕУ). Исто така, дадена е и конституционална критика на концептот на тајно синдикално членство и

на слободата на синдикално здружување; а потенцирани се и законските противречности во нашиот правен систем поврзани со оваа тема.

2013 = *CORPVS IVRIS CIVILIS ROMANI – About Controversies During the Creation of the Justinian's Codification*; рецензиран труд на англиски јазик објавен во меѓународното индексирано научно списание BSSR - Balkan Social Science Review, Vol. II (Dec. / 2013); pp. 7–25; ISSN: 1857-8772; [16 стр.] – достапен на Е-репозиториум: Фоербах знаел да каже дека, во целокупната европска историја, постојат три книги кои никогаш не смеат да се турнат во заборав: христијанската *Biblia*, Јустинијановиот *Corpus Iuris Civilis* и Марксовиот *Das Kapital* – бидејќи токму од нив „најмногу се храни човештвото". Можеби затоа и секој обид за критика кон овие колосални дела, макар и да претендира да го носи епитетот „научен", треба да се пишува со рака која трепери. А токму намерата на овој труд, кој барем во македонски прилики е пионерски за темата на која се однесува, е преку еден историско-компаративен и логичко-телеолошки пристап да го истражи досега запоставеното прашање: Како е можно, за толку кратко време (околу шест години) да се создаде едно вакво грандиозно правно дело, кое е скоро трипати поголемо од Светото Писмо т.е. од Стариот и Новиот Завет заедно? Целта на авторот е да додаде длабочина на она што досега беше разочарувачки плитка дебата за начинот и приликите во кои всушност настанала прочуената „Јустинијанова кодификација" (VI век). Притоа, главната линија на аргументација е дека правниците, кои тогаш биле повикани да го одработат ова кодификаторско дело, се потпирале на солидна граѓа од веќе претходно создадени законици и правни збирки кои, пак, биле користени при правната едукација на Високите правни школи кои постоеле низ тогашниот Источен дел на Империјата.

2013 = *The Roman Military Law (II)*; рецензиран научен труд на англиски јазик објавен во Меѓународното научно списание за одбрана, безбедност и мир „СМО - Современа Македонска Одбрана", на Министерството за одбрана на РМ; „CMD - Contemporary Macedonian Defence" – International Scientific Defence, Security and Peace Journal of the Ministry of Defence of the Republic of Macedonia; UDK 355/359, CODEN SMOOAM, ISSN 1409-8199, e-ISSN 1857-887X, Scientific article – 355.1.:340.13(498); Vol. XIII, No. 25, (Dec. / 2013); pp. 115–128; [14 стр.] – достапен на Е-репозиториум: Слично како што хеленскиот романофил Полибиј, во своето дело *Historia* го постави круцијалното прашање: „Дали постои таков неразумен човек кој не го интересира со помошта на какво државно уредување Римјаните успеаја да го освојат целиот свет?" – така и авторот на овој труд, онолку колку што тоа го дозволува расположливиот простор за еден ваков тип истражување, скромно и непретенциозно се обидува да даде одговор на круцијалното прашање: „Каква е таа воена структура која ја создаде и ја одбрани една од најголемите и најтрајни империи во светската историја и според кои правила таа се раководеше"? Опфатени се аспекти на борбеното говорништво, редот на свештениците-фецијали и правилата за одржување на воениот морал и воената дисциплина на легионерите.

2013 = Sindikalizam u Republici Makedoniji – činjenični i pravni položaj (1991-2013); NOVI PLAMEN – međunarodni časopis za politička, društvena i kulturna pitanja; Izdavač: Demokratska misao d.o.o. – Zagreb (Croatia/Hrvatska); God. VII, dvobroj 18-19, Dekemvri 2013; pp. 158–163; www.noviplamen.org; [12 стр.] – достапен на Е-репозиториум: Трудот прави приказ на перманентните измени на македонската трудово-правна регулатива, при што законските услови за нормална работа на синдикатите и за поставување на нивната „база" за делување постојано се формализираат, усложнуваат и отежнуваат. Па така денес, иако синдикатот формално-правно е признат како легитимен заштитник на интересите на работниците, сепак тој како никогаш досега е теренски слаб и со алармантно нарушена доверба во очите на јавноста. Затоа, според авторот, оваа долгорочно неиздржлива ситуација неминовно ја наметнува потребата од итно креирање на еден радикално подобар и нов имиџ на синдикатот, кој покрај на компромиси би бил способен и на судири со крупниот капитал и со владејачките елити. Тоа би се постигнало преку неколку стратешки и добро осмислени чекори – а кои би опфаќале радикални организациски промени и внатрешни преструктуирања преку низа антибирократски мерки; градење способност за стратешка анализа и водење долгорочни кампањи; наметнување со сериозност, компетентност и

релевантност на иницијативните; воведување на перманентно синдикално образование кое ќе го поттикнува личниот пример и синдикалниот активизам; примена на нови, ефективни и креативни методи на директна работничка борба итн.

2013 = *Граѓанското здружување и неолиберализмот – Како НВО-секторот во Македонија го задуши општествениот активизам*; Рецензиран труд т.е. Прегледна научна статија, под број УДК: 316.334.3:061.2(497.7); Годишник на Правниот факултет „Јустинијан Први" - во чест на 18 години од основањето на Политичките студии во Македонија, Том 47-48 (2011/2012); UDK 32; ISSN: 0583-5062 (Меѓународен уредувачки одбор); Државен Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Скопје [15 стр.: 135-149] – достапен на Е-репозиториум: Овој труд е непретенциозен обид да се фрли светло на една мошне скокотлива тема, особено присутна во редовите на македонски активисти од граѓанскиот [цивилен] сектор, околу која се кршат копјата изминативе години – „Дали невладините организации можат да се изедначат со општествениот активизам и дали тие го поттикнуваат или го инхибираат истиот"? Авторот ја изложува и аргументирано ја развива хипотезата дека НВО секторот кај нас го задуши или, поточно речено, не му даде да п'ркне на автентичниот, ангажиран и социјално освестен граѓански активизам. Во него тој пишува за политичката култура на државниот капитализам, за плутократските тенденции на неолиберализмот, за јавните услуги и „ен-џи-о" елитизмот, за NGO Boom-от и деполитизацијата на граѓанинот, како и за други актуелни и современи теми, дилеми, прашања и предизвици.

2012 = *Римското воено право*; рецензиран Научен труд (Original research paper), УДК: 355.1 – 027.5 (37) 341.3 (37); Годишен зборник на Правниот факултет при државниот Универзитет „Гоце Делчев" – Штип 2011/2012, Yearbook 2011/12 - Faculty of Law, Goce Delcev University – Stip; Volume III, Год. 3, 2012; ISSN: 1857-8713; стр. 5–24 [19 стр.]; Линк: https://e-lib.ugd.edu.mk/resursi/zbornici/praven/ Zbornik%20praven%20fakultet%20 godina%203.pdf – достапен на Е-репозиториум: Авторот на трудот прави обид да го објасни концептот на мирот во римската традиција, како типична стара медитеранска култура. Имено, тој се сфаќаше во т.н. негативна смисла, односно како „отсуство на војна" (*absentia belli*) – слично како кај Евреите, Фениканите, Египќаните, Хелените и античките Македонци. Старите Римјани на мирот гледаа, првенствено како на општествена состојба во која се почитува правниот поредок и хиерархијата на вредностите во римската држава, одредени во законите (*leges*). Нивниот идеал беше добро организирана држава којашто на внатрешен план обезбедува ред (*ordo*) и мир (*pax*), а на надворешен план влева стравопочит кај нејзините соседи и непријатели (*hostis*). Според тогашните сфаќања, мирот секогаш доаѓа како последица на претходна праведна војна и него го наметнува победникот (*victor*) – со силата на своето оружје (*vis arma*), од кадешто води потекло и фамозната реал-политичка максима дека „Историјата ја пишуваат победниците"! Клучна максима за старите Римјани беше: „Ако го сакаш мирот, спремај се за војна (*Si vis pacem, para bellum*) и оваа мисла-водилка, како што забележуваат некои еминентни полемолози и воени историчари, доследно е почитувана во целата римска историја, вклучувајќи ја тука и по многу нешта ненадминливата римска Република (*Res publica Romana*).

2011 = *За 'нумерологијата' на неолибералистичкиот глобализам* (*Сиромаштијата – второ име на структурното насилство*); рецензиран научен труд, под број 304-027.511, со апстракт на англиски јазик, објавен во меѓународното академско списание „Безбедносни дијалози" – Списание од областа на безбедноста, одбраната и мировните науки; бр. 3, год. II – Институт за безбедност, одбрана и мир, Филозофски факултет, УКИМ, Скопје (рецензент: проф. д-р Олга Мурџева - Шкариќ; главен и одговорен уредник: проф. д-р Билјана Ванковска). Интернет издание: *Security Dialogues OnLine – International Peer Reviewed*, eISSN: 1857-8055, ISSN: 1857-7172; Open access; [20 стр.] – достапен на Е-репозиториум: Во трудот се објаснети видовите на современото, хоризонтално и вертикално, структурно насилство и главните негови актери во нашето современие. Исто така, прикажани се и статистички податоци поврзани со процесот на глобализација, кои го демистифицираат процесот на општа пауперизација и класно раслојување во неолиберализмот. Понатаму, акцентот се става на т.н. македонски случај, за којшто се дадени и низа конструктивни предлози за надминување на неповолните тенденции и трендови.

2010 = *Ius Naturale – Подзаборавениот правец во Философијата на правото*; рецензиран научен труд (Original research paper), УДК. 340.122; Годишен зборник на Правниот факултет при државниот Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Vol. II, 2010; ISSN: 1857-7229; (Рецензент: доц. д-р Ненад Гавриловиќ; Главен и одговорен уредник: проф. д-р Јован Ананиев) [19 стр.] – достапнен на Е-репозиториум: Авторот на трудот прави обид да ги оживее подзаборавените правни идеи својствени на приврзаниците на природното право (*ius naturale*) – како посебен правец во Философијата на правото. Преку историско-компаративен пристап, тој се обидува да ги пренесе оригиналните инспиративни идеи на видни авторитети, философи и правници кои твореле од Антиката па сѐ до денес. Во трудот особено е обработено и влијанието на стоицизмот врз продуховениот развој на Римското право. Истовремено е дадена и остра критика на правниците-позитивисти и на нивниот „нормативистички“ и некреативен правен пристап во изучувањето и во толкувањето на правото, кој е штетен како за самите студенти, така и за правното образование воопшто.

* 2010 = *За плебејската идеологија* – труд објавен во коавторскиот Зборник „Социјализмот во XXI век - минато, сегашност и иднина“ [62 стр.] – достапен на Е-репозиториум: Тука авторот прави обид за историско расветлување на развојот на идејата за класна свест и поделба на општеството во групи, говорејќи за класите и пролетерите во Римското право и датирањето на нивната поделба од времето на кралот Сервиј Тулиј. Потоа се осврнува на т.н. библиско трудово право, односно на Старозаветните и Новозаветните норми кои се однесуваат на плаќањето на работата, како и на белезите и развојот на римскиот „договор за работа“ (*locatio conductio operarum*).

***Поглавја во книги:***

2014 = *Правни коментари* (шест случаи) во „Белата книга за професионалните и работни права на новинарите / Libri I bardhë për të drejtat profesionale dhe të punës të gazetarëve“ – издадена на македонски и на албански јазик; издавач: ССНМ - Самостоен синдикат на новинари и медиумски работници – достапна на Е-репозиториум: Во првиот случај се анализира отпуштањето на група новинари од една редакција, при што се дадени низата штрајк-брејкерски измени на македонскиот ЗРО; вториот случај ги објаснува злоупотребите на договорите за работа на определено време, како најлесни за манипулација при престанокот на работниот однос на новинарите; третиот случај ја објаснува неповолната правна и економска положба на дописниците од внатрешноста; четвртиот случај ја објаснува легалната експлоатација на трудот на некои новинари кои работат како неосигурани „хонорарци“; петтиот случај ги опфаќа случаите на цензура и автоцензура во медиумскиот простор; и последниот, шести случај, се занимава со притисоците кои ги трпат критичките медиуми преку т.н. SLAPP Поднесоци („стратешки тужби за исклучување на јавноста“).

2011 = *Case studies / Позитивни искуства од добиени работнички судски спорови* издадени како четири одделни стручни истражувачки трудови во книгата *Работни спорови – позитивни примери од судската пракса*; „Ленка“, Скопје [32 стр.] – достапни на Е-репозиториум: Првиот работен спор „Кукулев против Радио Велес“ се однесува за парично побарување т.е. неисплата на плати и придонеси од страна на јавен субјект; вториот спор „Папазова vs Градска аптека“ е паричен спор против приватен субјект за неисплатени придонеси и трошоци поврзани со работата; третиот спор „Триманова vs Стоби“ е против приватен субјект т.е. текстилна фабрика за неисплата на плати; и последниот, четврти спор „Б.А. vs Порцеланка“ е за неисплата на плати и придонеси од работен однос. Сите овие судски случаи се прегледно нумерирани и дадена е дозвола од нивните протагонисти за јавно објавување на предметите.

2010 = *Разработка на закони од трудовоправната сфера и нивните измени во транзицијата* издадени како пет одделни поглавја во книгата „Обезвреднување на трудот – Анализа на трудово-правната легислатива во периодот на транзицијата“; ДСП Ленка [62 стр.] – достапнен на Е-репозиториум: при што се опфатени Законот за работни односи, Законот за мирно решавање на работните спорови, Законот за парнична постапка, Законот за извршување и т.н. Закон за стечајците т.е. Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата во периодот од 2000 до 2004 година.

***Прикази на книги:***

2013 = *The Name Issue: Greece and Macedonia (Book-Review)*; Меѓународно списание BSSR (Balkan Social Science Review) – Vol. I, №. 1; Faculty of Law – State University "Goce Delcev" (Stip, R. Macedonia); ISSN: 1857- 8772; p. 291–294; [4 стр.] – достапен на Е-репозиториум: во овој труд даден е краток приказ на книгата „Спорот за името - Грција и Македонија" кој е работен како студентски проект на две генерации на Правниот факултет „Јустинијан Први" при УКИМ - Скопје. Раководител на проектот беше проф. д-р Светомир Шкариќ, а како уредници, покрај него се јавуваат и Димитар Апасиев и Владимир Патчев. Книгата, чијашто структура е педантно објаснета во приказот, е во издание на „Матица Македонска", Скопје, 2009 година и има вкупно 720 страници текст.

***Преводи:***

- 2014 = *Кривичната постапка во Римското право* – Ivo Puhan (превод од српско-хрватски јазик) – објавен во книгата „Римско право" од авторите проф. д-р Иво Пухан, проф. д-р Мирјана Поленак-Аќимовска, проф. д-р Владо Бучковски и проф. д-р Гоце Наумовски, во издание на Правниот факултет „Јустинијан Први" – УКЈИМ, Скопје [18 страни].
- 2012 = *Антиглобализам: андрагогија на улицата – Paweł Rudnicki (*превод од англиски јазик); објавен на www.lenka.mk – официјален веб-сајт на Движењето за социјална правда „Ленка" [линк: http://lenka.mk/mk/pamfleti-i-letoci/72------.html].
- 2011 = *Отаде кризата: ојачување на јавното* – Ph.D Rainer Rilling (превод од англиски јазик); објавен на www.lenka.mk – веб-страница на ДСП „Ленка" [линк: http://lenka.mk/mk/pamfleti-i-letoci/64------phd.html].

***Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност (СА + ОР)***

***Учество на научни конференции, семинари, симпозиуми, стручни расправи, собири, промоции и трибини:***

2015 = *Американскиот пророк - Наследството и предизвикот на Мартин Лутер Кинг Помладиот* – предавање, проекција и дискусија до д-р Јуан Расел Џонс во организација на Балканскиот Институт за вера и култура и Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Конференциска сала на УГД – Штип.

2015 = *The VERITAS FORUM* – вечерна трибина на тема „Како верските слободи го прават светот побезбеден за различностите?" во организација на Балканскиот Институт за вера и култура и Oxford Connections (говорник: Оз Гинис – социолог на религија), сала Фросина МКЦ – Скопје.

